# КОНКУРС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ СТИПЕНДИЈА

Врз основа на потпишаната Спогодба за соработка меѓу ЕВН Македонија АД Скопје од една страна и Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола од друга страна се распишува конкурс за доделување стипендија за студентите на Техничкиот факултет - Битола, енергетска насока.

Со стипендирање на 1 (еден) студент, ЕВН Македонија ќе даде свој придонес и поддршка во едукација и оспособување на стручни и на квалитетни кадри од областа на енергетиката, и воедно ќе им се даде стимул на идните студенти за запишување на Техничкиот факултет-Битола.

Можност за пријавување за стипендија ќе имаат студентите запишани прв пат, во прв или трет семестар, во академската **2021/2022** година на ЕНЕРГЕТСКА насоки.

Стипендијата е во **висина од 8.000,00 денари** месечно и се доделува за 10 (десет) месеци, со можност за продолжување или за прекин, во зависност од обврските пропишани во Договорот за стипендирање.

Изборот и селекцијата на кандидатите ќе го изврши Комисија за стипендирање.

**Обврски на корисникот на стипендијата:**

- Да достави потврда за редовен студент запишан во зимски семестар за академската **2022/2023** година;
- Да достави уверение за положени испити до датумот на аплицирање,
- Да достави изјава дека не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија;
- Да доств и изјава за обработка и користење на лични податоци на кандидатот и неговото потесно семејство
- Академската година да ја завршил во предвидениот рок и со просек не помал од **8.0;**
- Други обврски пропишани во Договорот за стипендирање.

**Начин на аплицирање:**

Заинтересираните студенти потребно е:

- Да потполнат **апликација/прашалник** подготвен од страна на ЕВН Македонија АД,Скопје
- Да подготват Есеј на тема „Мојата иднина како електро инженер“

Сите потребни документи треба да се испратат на stipendii@evn.mk најдоцна до **14.10.2022.**